Врз основа на член 15 став 1 точка 2 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност на член 65 став (6) од Законот за животната средина (ІСлужбен весник на Република Македонијав бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Советот на Општина Новаци, на ден 30.07.2013 година., донесе:

Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 07-600/6
30.07.2013 год
Новаци

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ЛУПД за изградба на на инфраструктитен комплекс со намена Е3 – рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП 2215/2- КО Брод** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **ЛУПД за изградба на инфраструктурен комплекс со намена Е3 – рециклажа, третман и складирање на отпад на дел од КП 2215/2 КО Брод може да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Со оглед што проектите за рециклажа, третман и складирање на отпад согласно со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. 74/05) се дадени во Прилог бр.1, точка 8. инсталации за депонирање на отпад, за горење, согорување, и физички и хемиски третман, а според член 2 за проектите од Прилог 1 задолчително се спроведува постапка за оцена на влијанијата врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

5.Одлуката ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски

Република Македонија
Општина Новаци
Новаци